# Извештај за реализација на проектот со наслов „Егејска рапсодија“ на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, носител на проектот проф. д-р Илчо Јованов

Проектот имаше за цел да допринесе кон продолжувањето и зачувувањето на богатото културно и музичко наследство на нашето поднебје, преку истражување, креирање, промовирње и оживување на традиционалната музика. Ова музичко издание е замислено и како патоказ за новите генерации инструменталисти, автори и аранжери да творат во духот на македонската фолклорна традиција. ЦД-то ќе ја подоби и достапноста до материјали за учење за студентите од музичката академија;

Учесници во проектот се:

- Проф. д-р Илчо Јованов, Музичка академија – Штип (Тим лидер)
- Проф. д-р Горан Ангелов, Музичка академија – Штип, бас гитара
- Доц. м-р Христијан Николовски, Музичка академија -Штип, ударни инструменти
- Иван Димков, кларинет и саксофон
- Илија Мицев, труба
- Љупчо Стефанов, синтисајзер

Извештајот подетално ги анализира и документира секој од аспектите на проектот, од процесот на селекција и оркестрација, преку пробите и снимањето, до финалната подготовка и издавањето на CD.

**Фаза 1 – Избор и селекција на материјалот, пишување на оркестрација**

Процесот на селекција на материјалот беше превземен од страна на проф. д-р Илчо Јованов, воден од желбата да го избере најдобриот и најбогат музички материјал за овој проект.

Беа избрани 11 композиции кои се разнородни по својата природа и содржина, запазувајќи го критериумот на различни ритмови и мелодии специфични за нашето поднебје и тоа: 11/8 ритам кој ќе биде застапен на повеќе ора со различна поставеност на хемиолата, 7/8, 7/16, 4/4, 15/8 и 16/8;. Оркестрацијата на избраните композиции ја направи професор д-р Илчо Јованов, чија експертиза и творачка визија допринесоа за збогатување на звучниот пејзаж.

**Фаза 2 - Проби и снимање на материјалот**

Во втората фаза беа предвидени и реализирани четири проби, со траење од по четири часа, што придонесоа оркестарот да ги допрецизира деталите за да се постигне потребниот звучен израз.

Снимањето на материјалот беше направена во студио Сити Саунд – Скопје од страна на Љупчо Соколовски;

**Фаза 3 - Техничка подготовка и издавање на CD**

Во третата фаза беше направен ремикс, анализа на материјалот и римастеринг од страна на проф. д-р Илчо Јованов.

Техничката подготовка и издавањето на CD (содржина, текст, слики) е направена од страна на издавачката куќа Senator Music.









Со почит,

Носител на проектот:
Проф.д-р Илчо Јованов